Врз основа на член 191 став (10) а во врска со член 241 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 17 став (5) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-155/15 од 11 декември 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.219/15), во точките 1 и 2 во алинеја 1, зборовите „ул. Борис Кидрич, бр.1-Канцеларии/14-16, Тетово " се заменуваат со зборовите „ул. 101 бр.5 Фалиш, Тетово".

2. Оваа одлука се доставува до Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово, со седиште на ул. 101 бр.5 Фалиш, Тетово, постапувајќи согласно член 17 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 1 декември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Известување за извршена промена на адресата на седиштето на правното лице заведено под архивски број УП1 бр.08-154/15 и УП1 бр.08-155/15 (во понатамошниот текст: Известување).

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово, со седиште на ул. Борис Кидрич, бр.1-Канцеларии/14-16, Тетово, е носител на Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-154/15 и Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-155/15 за хидроелектроцентрала МХЕЦ „Вејачка река" со реф. бр. 93, со инсталирана моќност од 1306,4 kW и со локација на КП бр.1006/16, КО Вејце с.Вејце, Општина Тетово, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.219/15, донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на седницата одржана на 11 декември 2015 година.

Имајќи ја во предвид Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 137/21), Регулаторната комисија за енергетика на 19 октомври 2021 година го извести Друштвото за

производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово дека потребно е да ја достави потребната документацијата согласно член 17 ставови (1) (2) и (3) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19 и 93/21).

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово не постапи по известувањето од 19 октомври 2021 година на Регулаторната комисија за енергетика, односно не достави Известување за настанати промени.

Регулаторната комисија за енергетика на 22 ноември 2021 година до Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово испрати Ургенција за постапување по Известувањето од 19 октомври 2021 година.

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово на 1 декември 2021 година достави Известување за извршена промена на адресата на седиштето на правното лице заведено под архивски број УП1 бр.08-154/15 и УП1 бр.08-155/15 за хидроелектроцентрала МХЕЦ „Вејачка река" со реф. бр. 93 и до Регулаторната комисија за енергетика ја достави следната документација:

- Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија со бр.0805-50/150220210004903 од 23 ноември 2021 година, копија.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 декември 2021 година го извести Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово дека потребно е да достави тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, Историјат на промени издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија и Решение за запишување на промена издадено од Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија во оригинал или копија заверена на нотар согласно Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово не постапи по известувањето од 7 декември 2021 година на Регулаторната комисија за енергетика, односно не го достави потребната документација.

Регулаторната комисија за енергетика на 6 април 2022 година пак го извести Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово да постапи согласно известувањето од 7 декември 2021 година.

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово на 8 април 2022 година ја достави следната документација:

- Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија со бр.0805-50/150220220001996 од 7 април 2022 година,
- Историјат на промени издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија со бр.0805-50/150220220001997 од 7 април 2022 година и
- Решение за упис од Агенција за енергетика на Република Македонија со бр. УП1 03-78/15 од 26 ноември 2015 година, копија.

Регулаторната комисија за енергетика побара од Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово да достави Решение за запишување на промена од Агенција за енергетика на Република Северна Македонија.

Друштвото за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК - ИНВЕСТ, АК - INVEST ДООЕЛ експорт - импорт Тетово на 18 април го достави Решението за запишување на промена од Агенција за енергетика на Република Северна Македонија.

Регулаторната комисија за енергетика на 28 април 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 191 став (10), а во врска со член 241 став (2) од Законот за енергетика* и член 17 став (5) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа донесе Одлука за изменување на одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-155/15.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на доставувањето.

**УП1 бр. 08-155/15**
**28 април 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Марко Бислимоски**